**БРОЈ НА ЗАЕМ 96340-MK**

# ДОГОВОР ЗА ГАРАНЦИЈА

**(Дополнително финансирање за Проектот за надградба и развој на патиштата)**

**помеѓу**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**и**

**МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ**

**БРОЈ НА ЗАЕМ 96340-МК**

## ДОГОВОР ЗА ГАРАНЦИЈА

ДОГОВОР склучен помеѓу РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА („Гарант“) и МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ („Банка“) („Договор за гаранција“) во врска со Договорот за заем на Датумот на потпис помеѓу Банката и Јавното претпријатие за државни патишта („Заемобарател“), во врска со Заем бр. 96340-МК („Договор за заем“). Гарантот и Банката со ова се согласуваат на следново:

### ЧЛЕН I – ОПШТИ УСЛОВИ; ДЕФИНИЦИИ

Дел 1.01. Општите услови (како што е дефинирано во Прилогот на Договорот за заем) се применуваат и претставуваат дел од овој Договор.

Дел 1.02. Освен доколку контекстот не бара поинаку, изразите со големи букви употребени во овој Договор ги имаат значењата што им се припишуваат во Општите услови или во Договорот за заем.

### ЧЛЕН II – ГАРАНЦИЈА

Дел 2.01. Гарантот ја декларира својата посветеност на целите на Проектот. За таа цел, без ограничување или рестрикција на која било од неговите други обврски според Договорот за гаранција, Гарантот со ова безусловно гарантира, како примарен обврзник, а не само како жирант, уредно и навремено вршење на целосна доспеана исплата на Заемот од страна на Заемобарателот во согласност со Договорот за заем и навремено извршување на сите други обврски на Заемобарателот наведени или на кои се упатува во Договорот за заем.

Дел 2.02. Без ограничување или рестрикција на одредбите од Дел 2.01 од овој Договор, Гарантот конкретно се обврзува, секогаш кога постои разумна причина да се верува дека средствата што му се достапни на Заемобарателот се несоодветни за да се задоволат проценетите трошоци потребни за спроведување на Проектот, навремено да му ги обезбеди на Заемобарателот потребните средства за покривање на таквите расходи.

Дел 2.03.Гарантот понатаму конкретно се обврзува да:

(a) да обезбеди Заемобарателот да одржува соодветен персонал и ресурси и соодветно управување, на начин и со опис на работна задача и состав задоволителни за Банката; и

(b) пренос на Заемобарателот на не помалку од дваесет (20) проценти од вкупната акциза на нафтените деривати (како што е дефинирано во Законот за измена и дополнување на Законот за јавни патишта на Гарантот (Службен весник 168/2012 со досегашните измени) собрани во секој календарски квартал; кои трансфери ќе се вршат на редовна основа, но во секој случај најмалку четири пати во текот на една календарска година, во интервали не подолги од три календарски месеци, и колку што е потребно за да се гарантира извршување на сите обврски на Заемобарателот наведени во Договорот за заем.

## ЧЛЕН III –ПРЕТСТАВНИК; АДРЕСИ

Дел 3.01. Претставникот на Гарантот е неговиот министер за финансии.

Дел 3.02. За целите на Дел 10.01 од Општите услови:

(a) адресата на Гарантот е:

Министерство за финансии
ул. Даме Груев бр.12
1000 Скопје
Република Северна Македонија; и

(b) Електронската адреса на гарантот е:

| Факсимил: | Е-пошта: |
|---|---|
| 389 23255 721 | cabinet@finance.gov.mk |

Дел 3.03. За целите на Дел 10.01 од Оштите услови:

(a) Адресата на Банката е:

Меѓународна банка за обнова и развој
1818 H Street, N.W.
Вашингтон ДЦ. 20433
Соединети Американски Држави; и

(b) Електронската адреса на Банката е:

| Телекс: | Факсимил: |
|---|---|
| 248423(MCI) or 64145(MCI) | 1-202-477-6391 |

ДОГОВОРЕНО од подоцнежниот од двата датума наведени подолу.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Од

____________________________________________
Овластен претставник

Име: ______________________________

Звање: ______________________________

Датум: ______________________________

МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ

Од

____________________________________________
Овластен претставник

Име: ______________________________

Звање: ______________________________

Датум: ______________________________